Вклучувањето на верските заедници во механизмите за превенција на насилниот екстремизам беше темата на студиската посета која се одржа од 25 до 27 октомври 2023 годна во Тирана, Албанија во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и здружението Хоризон Цивитас, а со поддршка на Меѓурелигискиот совет на Албанија од Тирана.




Претставници на Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам, Македонската православна црква-Охридска Архиепископија, Исламската верска заедница, Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, МЦМС и Хоризон Цивитас се сретнаа и поразговараа со нивните колеги од Албанија за искуствата од вклученоста во превентивните механизми за спречување на насилниот екстремизам. Ова беше и можност да се воспостави и возобнови комуникацијата и соработката помеѓу клучните актери во двете земји за овие прашања.

Бујар Спахиу, претседателот на Муслиманската верска заедница од Албанија се осврна на улогата на оваа институција во благосостојбата на албанското општество. Повеќе за албанскиот модел за коегзистенција и хармонија меѓу религиските заедници зборуваше Генералниот секретар на Меѓурелигискиот совет на Албанија, Генти Крује. Оваа организација е создадена од верските заедници во Албанија, а претседавањето со неа е обврска на секоја од заедниците и се менуваат секоја година. Учесниците се сретнаа и со Ејуп Лила, Директор на кабинетот со кој дискутираа за вклученоста на Муслиманската заедница во активностите за спречување насилен екстремизам и ресоцијализција, рехабилитација и реинтеграција. За овие аспекти од работата, учесниците разговараа и со Бискупот Асти од Православната црква на Албанија како и со лидерот на светскиот центар на Бектешите, Деде Едмонд Брахимај.

Повеќе дискусија за вклученоста на академската заедница, учесниците на студиската посета имаа со професорите од Универзитетот Бедер, и тоа со д-р Скендер Бруцај и докторандот Хисни Скура кои ја презентираа нивната работа и соработката со верските заедници. Хисни Скура го потенцираше модел на Албанија за меѓурелигиска хармонија, наведувајќи ги како пример заедничките активности на сите верски заедници во корист на зачувување на општествениот мир и толеранцијата. Заради тоа, религиозните заедници во Албанија, уживаат висока доверба од верниците и граѓаните на Албанија воопшто.

